# Службен гласник
## на Општина Струмица


| Број 18 | Среда, 25 јули 2012 год. |
|---|---|

www.strumica.gov.mk


**С о д р ж и н а**


**Градоначалник на општина Струмица:** Стр.

**307.** **Решение** за прогласување ден на жалост .................................................... 2

**Совет на општина Струмица:**

**308.** **Решение** за објавување на Одлуката за определување парична помош за починатите и повредените во шумскиот пожар од 23 јули 2012 година ................ 2

Стр.

**309.** **Одлука** за определување парична помош за починатите и повредените во шумскиот пожар од 23 јули 2012 година .. 3

**307.**

Врз основа на член 39 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 5/06), донесувам:

**Р е ш е н и е**
**за прогласување на ден на жалост**

1. По повод трагичната смрт на нашите сограѓани, зафатени од огнената стихија при гаснењето на големиот шумски пожар, што на ден 23 јули 2012 година, беснееше во непосредна близина над градот Струмица, за ден на жалост во Општина Струмица го прогласувам:

- Среда, 25 јули 2012 година.

2. На денот на жалост знамињата во Општина Струмица, да се истакнат на половина копје.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр. 08 - 6086/1 Општина Струмица
24.07.2012 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

**308.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Сл.гласник на општина Струмица“ бр. 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

**Р е ш е н и е**
**за објавување на Одлуката за определување парична помош за починатите и повредените во шумскиот пожар од 23 јули 2012 година**

1. Се објавува Одлуката за определување парична помош за починатите и повредените во шумскиот пожар од 23 јули 2012 година, донесена на вонредната седница на Советот на општина Струмица, одржана на 25.07.2012 година.

Бр.08- 6162 /2 Општина Струмица
25.07.2012 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

**309.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Сл. гласник на општина Струмица“бр.5/06), Советот на општина Струмица на вонредната седница одржана на 25.07.2012 година, донесе

**О д л у к а**
**за определување парична помош за починатите и повредените во шумскиот пожар од 23 јули 2012 година**

Член 1

Се определува парична помош за починатите и повредените во шумскиот пожар од 23 јули 2012 година и тоа:

- По 100.000,оо денари на име на член од семејството на починатите во шумскиот пожар;

- По 20.000,оо денари, лично или на име на член од семејството на повредените во шумскиот пожар.

Член 2

Определените средства да се исплатат од Буџетот на општина Струмица за 2012 година, Програма А0-Совет на општина, поставка 412 Постојана резерва (непредвидливи трошоци), на поединечно доставени трансакционни сметки согласно член 1 став 1 и 2 од оваа Одлука.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр. 07- 6162/1 Совет на општина Струмица
25. 07. 2012 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.